Врз основа на член 387 од Законот за трговски друштва, и член 24 од Статутот на Брокерската куќа ЕУРОХАУС АД Скопје, а согласно Одлуката на Одбор на Директори за свикување на Годишно Собрание бр.03-13 од 29.02.2016година, Одборот на директори на Брокерската куќа Еурохаус АД Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за учество на Годишното Собрание на акционерите на Брокерската куќа Еурохуас АД Скопје

Собранието на акционери на Еурохаус АД Скопје, ќе се одржи на ден 24.03.2016 година (Четврток), со почеток во 13:00 часот, во просториите на Еурохаус АД Скопје на бул. Климент Охридски бр.52-А/1-5 во Скопје, со следниот предлог на дневен ред:

1.**Избор** на Претседавач на Собранието;

2. **Именување** на Записничар на Собранието

3. **Усвојување на Записникот** од претходната седница на Собранието на акционери одржана на ден 04.06.2015година

4. **Утврдување** на дневниот ред на седницата на Собранието

5.**Годишен извештај** за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2015 година,со:

- **Годишен извештај** за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2015 година;

- **Предлог-Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2015 година;

6.**Извештај** на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2015година, со:

- **Извештај** на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2015 година;

- **Извештај за контрола и мислење на Одбор на Директори** по Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје, за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2015 година;

- **Предлог - Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2015 година

7.**Годишен извештај за работењето на Одборото на Директори** во 2015 година,со:

- **Годишен извештај за работењето** на Одбор на Директори во 2015 година;

- **Предлог - Одлука** за усвојување на Извештајот за работа на Одборот на Директори на Еурохаус АД Скопје ;

8.**Предлог - Одлука** за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори;

9. **Предлог - Одлука** за усвојување на годишната сметка на Еурохаус АД Скопје за 2015 година;

10. **Предлог - Одлука** за распределба на добивка;

11.**Предлог - Одлука** за назначување на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2016 година;

12. **Предлог - Одлука** за отповикување на членови на Одбор на директори

13. **Предлог - Одлука** за именување на членови на Одбор на директори (реизбор)

14. **Предлог - Статутарна Одлука** за измена на Статутот на Еурохаус АД Скопје

Се повикуваат акционерите да учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Еурохаус АД Скопје е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието до седиштето на Еурохаус АД Скопје (контакт телефон:+389 2 3217-095 или факс + 389 2 3217-078).

Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието со потпишување на писмено полномошно и истото да го достави во Друштвото пред почеток на Собранието.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред,согласно Статутот на Еурохаус АД Скопје и Законот за трговски друштва.

Увид на материјалите од дневен ред може да изврши секој акционер, секој работен ден од денот на објавата на повикот  за свикување на Собрание, од 08:00 до 16:00 часот во просториите на Еурохаус АД Скопје.

ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ